# КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
# "ВОДОВОД " - КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ

**За финансиското работење во период од 01.01 до 31.03.2024 год.**

**Март, 2024 год.**
**Кочани**

КЈП " Водовод " Кочани како единствено Комунално Јавно Претпријатие во Општина Кочани ги обавува целокупните комунални дејности на подрачјето на општината.За обавување на целокупната дејност претпријатието е организирано во седум сектори кои функционално се надополнуваат во своите дејности и овозможуваат континуирано и квалитетно извршување на комуналните дејности.

**Организационите сектори се :**

1. ***Сектор "Водовод и Канализација "***
2. ***Сектор"Комунална Хигиена "***
3. ***Сектор"Геотерма "***
4. ***Сектор "Градско Зеленило и гробишта "***
5. ***Сектор "Финансиско и комерцијално работење"***
6. ***Сектор "Општи и правни работи"***
7. ***Сектор " ИТ и развој ".***

За обавување на комуналните дејности во наведените сектори се ангажирани просечно 195 работника во постојан работен однос, додека просечниот број на времено ангажирани работници е 74.

**I.Преглед на вработени по степен на образование и Сектор со 31.03.2024 год.**

**Табела 1**

| Ниво на образование | Менаџмент | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА | ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | СЕКТОР ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА | СЕКТОР ГЕОТЕРМА | СЕКТОР ЗА ИТ И РАЗВОЈ | СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ | СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКО И КОМЕРЦИЈАЛНО РАБОТЕЊЕ | СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА | СЕКТОР ГРАДСКО ЗЕЛЕНИЛО И ГРОБИШТА | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво I - завршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 16 | 0 | 0 | 4 | 0 | 28 | 6 | 54 |
| Ниво II - завршено двегодишно средно стручно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| Ниво III - завршено тригодишно средно стручно образование или четиригодишно образование за лица со посебни потреби | 0 | 0 | 0 | 7 | 1 | 0 | 3 | 1 | 6 | 2 | 20 |
| Ниво IV - завршено четиригодишно образование (гимназиско, техничко, уметничко или друго) или петгодишно образование | 0 | 0 | 0 | 32 | 6 | 0 | 10 | 20 | 7 | 7 | 82 |
| Ниво VA - завршени кратки стручни студиски програми во високо образование (стекнати 60 или 120 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 1 | 4 |
| Ниво VIБ - завршени тригодишни додипломски студии (стекнати 180 кредити ЕКТС) | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 3 |
| Ниво VIA - завршени четиригодишни додипломски студии (стекнати 240 кредити ЕКТС) | 3 | 1 | 1 | 5 | 1 | 4 | 2 | 5 | 1 | 2 | 25 |
| Друго | 0 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 |
| Незавршено основно образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | **3** | **1** | **1** | **64** | **8** | **4** | **20** | **28** | **45** | **21** | **195** |

Просечен бруто личен доход по работник во 2024 год.за период од 01.01 до 31.03 изнесува 42.683,00 ден. спореден со 2023 год. кој изнесува 34.871,00 ден., додека Нето-личен доход по работник во 2024 год.за извештајниот период изнесува 28.420,00 ден. спореден со 2023 год. кој изнесува 22.791,00 ден.

## II. Остварени финансиски резултати во деловната 2022 и 2023 година

Во своето работење во 2022 год. КЈП " Водовод " има постигнато позитивен финансиски резултат односно загуба од **68,913,137,00** денари а во 2023 година има постигнато загуба од **59.661.057,00** денари.

**Табела 2**

| Ред. Број | Биланс на Успех | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|
| 1 | **А.ПРИХОДИ** | **255.385.775,00** | **228,787,443,00** |
| 2 | **Б.РАСХОДИ** | **324.730.671,00** | **293,091,712,00** |
| 3 | **В.Бруто добивка/загуба** | **-69,344,916,00** | **-64.304.268,00** |
| | **-данок од добивка** | **0,00** | **0,00** |
| | **-непризнаени расходи за даночни цели** | **431,779,00** | **4.643.211,00** |
| | **-нето добивка/загуба** | **-68,913,137,00** | **-59.661.057,00** |

## Планирани активности и реализација на деловни резултати во првиот квартал на 2024 година

Деловната 2024 година е година во која активностите ќе бидат насочени кон реализацијата на годишните програми донесени од Советот на Општина Кочани , оперативните програми за работа на КЈП “Водовод” и од законските решенија кои го детерминираат работењето во комуналните дејности.

Во **Секторот ,, Водовод и канализација,,** во **првиот** квартал на деловната 2024 година извршена е санација и изведени нови и реконструирани водоводни линии на повеќе улици во Општината.

Нова водоводна линија заради реконструкција поставена на ул. ,, Гоце Делчев“ со профил ф225 и со Л=157 м, нова водоводна линија на ул. ,, 14-та Бригада“ со профил Ф90 и должина л=20 метри и на ул. ,, 14-та Бригада“ поставено е црево за приклучоци со профил Ф 3/4 со должина Л=60м.

Поставена е фекална канализација на ул. ,,Мишо Арсов“ со профил Ф200 и должина 136 метри и на ул. ,,Крум Вранински“ со истиот профил Ф200 и должина 54 метри.

Изработена е атмосферска канализација во нас. Оризари за испусти со профили Ф630 со л=12 метри, Ф300 со л=24 метри, Ф200 со л=24 метри и Ф160 со л=12 метри, како и на ул. ,,Унгарска“ со Ф630 со л=18 метри, со Ф200 и л=6 метри и Ф160 со л=6 метри.

Поставени се 4 (четири) капаци на канализациони шахти во селата и градот. Извршена е поправка на шахти за фекална канализација и решетки на повеќе локации во Општината.

Оделението за одржување на водоводната мрежа вршеше континуирано и навремено санирање на настанатите дефекти на водводните линии.

На повеќе локации во градот се изврши санација со бетонирање по поправката на водоводни и канализациони дефекти.

Со специјалните возилаКанал џет и џет трејлер се продолжи со континуирано чистење на преливниците во градот и критичните канализациони линии. Исто така континурано се врши и чистење на колекторскиот систем.

Во бунарскиот систем во ПС Грдовци завршено е чистење на 5 најкритичните за запушување(пет) длабински експлоатациони бунари Б24, Б23, Б19, Б20 и Б17 како и усисот на пумпите во ова тромесечје.

Во ПСОВ Мојанци се продолжи со процесот на производство и искористување на био гас во топлинска и електрична енергија, а се продолжи со процесот на пробно производство на компост.

Фабриката за вода продолжи со тековна работа за континуирано следење на СКАДА системоти на исправноста на водата за пиење.

Во Секторот ,,**Комунална хигиена''** во Периодот од 01.01-31.03.2024год. реализирано е следното:

Се постапуваше по програмата за јавна чистота усвоена од Советот на Општина Кочани. Редовно се вршеше метење на јавни површини, улици и паркинзи дефинирани со програмата за јавна чистота.

Изготвени се и доставени 3 времени ситуации за спроведување на програмата за јавна чистота.

Се вршеше расчистување на диви депонии на разни локации во градот и околината.

Браварското оделение изврши повеќе браварски работи за потребите на сектор Водовод и канализација на бунарскиот систем во Грдовци.

Постојано се вршат поправки на оштетените контејнери.

Дел од контејнерите од 1,1 $m^3$ се заменети со нови.

Собирањето на отпад од домаќинствата и стопанските субјекти се извршува без застои спрема планираната динамика.

Постојано се вршат редовни сервиси и поправки на целокупната механизација на КЈП„Водовод“ Кочани.

Специјално комунално возило од 16 $м^3$ кое беше подолго време вон употреба поради специфичноста на дефектот е поправено и ставено во функција.

Распишани се јавни набавки и склучени договори за набавки важни за функционирањето на секторот, согласно со планот за јавни набавки.

**Секторот ,,Градско зелнило и православни гробишта''** во првиот квартал на деловната 2024 година имаше поголема активност со своите вработени како дежурни вработени во рамките на програмата за зимско одржување во месец Јануари, Февруари и Март. Како позначајна активност во месец Јануари секторот,,Градско зеленило и праославни гробишта ,, изврши заезерување на ,, Кочанска река,, по повод празникот ,,Водици,, при што повторно беше ставена во првобитна состојба. Во текот на зимата имаше поголема активност со своите вработени како дежурни вработени во рамките на програмата за зимско одржување во месец Јануари и Февруари. Поради врнежите од снег во зимскиот период беа постојано на терен за расчистување на снегот по тротоарите и парковите.

Во текот на Февруари и Март активно работеше на пополнување со украсен камен на кружните текови на бул.,,Тодосија Паунов“ . Согласно програмата во месец Март навремено почнавме со косење на зелените површини предвидени од Програмата за уредување и одржување на градското зеленило на територијата на Општина Кочани во 2043 година, набавка ,поставување и одржување на урбана програма, одржување на детски игралишта и одржување на фонтана ,,Зрно,, за 2024 година

Согласно програмата за ,,Градско зеленило и Православни гробишта,, за 2024 усвоена од советот на Општина Кочани навремено беа извршени сите активности предвидени со истата. Во секторот ,, Православни гробишта,, се изврши промена на постоечка канализациона мрежа и промена на чешми поради дотраеност и поради замрзнување во текот на зимата поради ниски температури.

**Сектор „Геотерма“** за периодот од првиот квартал јануари-март од 2024 година, функционираше и работеше согласно своите технички можности во состојба на највисок степен на организираност и посветеност.

Во овој временски период имаме вкупно фактурирана геотермална вода од 175.444 $m^3$, кое споредено со истиот период од минатата 2023 година имаме намалена количина за 36.456 $m^3$ односно 17.20% помалку.

Што се однесува до количините на реинектираната геотермална вода, во ова тромесечје имаме реинектирано 55.030 $m^3$ геотермална вода или 26,12% од вкупно експлоатираната геотермална вода. Споредено со истото тромесечје од претходната година имаме намалено реинектирање за 11,74%.

Подготвен и доставен Годишен извештај од извршено мерење на експлоатационите бунари, како обврска од Законот за минерални суровини член 64 став 5, до Министерство за Економија на Република Северна Македонија - Државен инспекторат за техничка инспекција.

Подготвен и доставен Извештај за експлоатирани количини на минерални суровини-геотермална вода во 2023 година, согласно обврската како концесионер од Законот за минерални суровини член 65, до Министерство за Економија на Република Северна Македонија – Сектор за минерални суровини.

Во овој период навремено се вршеше отчитување на водомерите кај потрошувачите, изготвување на записници за истото, а врз база на нив се изготвуваа и доставуваа фактурите за потрошена геотермална вода до потрошувачите.

Согласно обврските на КЈП “Водовод” како концесионер, навремено е подготвен и доставен кварталниот извештај за концесиски надоместок до Министерство за Економија на Република Северна Македонија – Сектор за минерални суровини, а се изготвуваат и месечните статистички извештаи, кои се испраќаат до Државен завод за статистика.

Согласно правилникот за техничко водење и надзор при експлоатација на геотермална вода од геотермалниот систем “Геотерма”, се води книга за техничко водење, која се пополнува секој месец. Врз основа на член 63 и 103 од Законот за минерални суровини е донесено Решение на лицето Ванчо Арменски како лице за техничко водење и надзор на изведувањето на рударски работи при експлоатација на минерална вода-геотермална вода од геотермалниот систем “Геотерма”, бидејќи ги исполнува сите услови според Законот за минерални суровини (“Службен весник на Република Македонија” бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/22, 129/23)

Превентивно се одржуваше постоечката опрема и интервентно се решаваа сите технички проблеми, се со цел успешно функционирање на целиот систем.

Перманентно се следи и евидентира промената на статичкото ниво на аквиферот и врз основа на нашите анализи на крајот од ова тромесечје имаме раст на статичкото ниво за 1,21 m во однос на истиот период од минатата година. Овој раст е последица на досега најмалата експлоатација на геотермална вода во првиот квартал во изминатите години од работењето на системот „Геотерма“.

Елаборирани се и можни решенија за зголемување на реинектирањето на искористените количини на геотермална вода, се со цел одржливост на лежиштето.

## III.Остварени приходи и расходи за период од 01.01 до 31.03.2024 год.споредени со истиот период 2023 год. по Сектори

**ПРИХОДИ**

Табела 3

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 37.788.501,57 | 36.598.909,84 | -0.03 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 14.327.187,87 | 10.630.559,00 | -0.26 |
| 3. | Сектор “Комунална Хигиена “ | 10.363.668,27 | 13.342.406,41 | 0.29 |
| 4. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор"Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 54.657,00<br>1.236.247,96<br>1.947.913,00 | 54.657,00<br>1.398.908,59<br>439.389,00 | -0.42 |
| 5. | Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта " | 1.404.738,69 | 1.580.030,09 | 0.12 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 72.057,75 | 80.299,25 | 0.11 |
| | Вкупно | 67.194.972,11 | 64.125.159,18 | -0.05 |

**РАСХОДИ** Табела 4

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | 39.904.758,83 | 36.557.312,44 | -0.08 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 8.982.104.25 | 5.897.623,09 | -0.34 |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | 10.554.886,36 | 12.499.505,35 | 0.18 |
| 4. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | 954.271,64<br>6.252.770,14<br>4.514.655,76 | 1.080.266,50<br>6.900.236,41<br>4.743.521,39 | 0.09 |
| 5. | Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта " | 3.174.401,38 | 4.080.772,68 | 0.29 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | 792.045,49 | 792.541,95 | 0.00 |
| | Вкупно | 75.129.893,85 | 72.551.779,81 | -0.03 |
| | Остварен резултат добивка /загуба | -7.934.921,74 | -8.426.620,63 | -0.06 |

Остварените деловни резултати кои се искажани за периодот од 01.01 до 31.03.2024 год. односно загуба во износ од **8.426.620,63** ден. споредени со истиот период 2023 год. бележат зголемување . Анализата на остварените приходи во извештајниот период укажува дека приходите бележат намалување за 5% во однос на истиот период од 2023 год. додека расходите споредени со истиот период од 2023 год. бележат зголемување за 6% .

**Остварени финансиски резултати од работењето по Сектори - добивка / загуба**

Табела 5

| Ред. број | Сектор | Година | | Коефициент 2024/2023 |
|---|---|---|---|---|
| | | 2023 | 2024 | |
| 1. | Сектор "Водовод и Канализација " | -2.116.257,26 | 41.597,40 | 1.02 |
| 2. | Сектор "Геотерма " | 5.345.083,62 | 4.732.935,91 | -0.11 |
| 3. | Сектор "Комунална Хигиена " | -191.218,09 | 842.901,06 | 5.41 |
| 4. | РЕ"Заеднички служби"<br>- Сектор "Менаџмент"<br>-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"<br>- Сектор "Општи и правни работи" | -899.614,64<br>-5.016.522,18<br>-2.566.742,76 | -1.025.609,50<br>-5.501.327,82<br>-4.304.132,39 | -0.28 |
| 5. | Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта " | -1.769.662,69 | -2.500.742,59 | -0.41 |
| 6. | Сектор "ИТ и развој " | -719.987,74 | -712.242,70 | 0.01 |
| | Вкупно | -7.934.921,74 | -8.426.620,63 | -0.06 |

**Остварени финансиски резултати за период од 01.01 до 31.03.2024 год.со распоред на трошоците од Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи"и Сектор "ИТ и развој "**

Табела 6

| Ред. број | Сектор | 2024 год. |
|---|---|---|
| 1. | **Сектор " Водовод и Канализација "** | -6.307.224,43 |
| 2. | **Сектор " Геотерма "** | 2.308.840,31 |
| 3. | **Сектор " Комунална Хигиена "** | -1.350.328,30 |
| 4. | **Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта "** | -3.077.908,21 |
| | **Вкупно** | -8.426.620,63 |

Остварените финансиски резултати од деловното работење за извештајниот период од 01.01 до 31.03. 2024 год. со распоредување на трошоците по утврдени критериуми за учество на трошоците од Сектор "Менаџмент", Сектор "Финансиско и комерцијално работење", Сектор "Општи и правни работи" и Сектор "ИТ и развој" ќе констатираме дека Сектор " Водовод и Канализација ", Сектор " Комунална Хигиена " и Сектор " Градско зеленило и гробишта " се со негативен финансиски резултат, додека и Сектор "Геотерма " оствари позитивен финансиски резултат.

**Структура на вкупните приходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 31.03.2024**

Табела 7

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | 36.598.909,84 | 57.07 |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | 10.630.559,00 | 16.58 |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | 13.342.406,41 | 20.81 |
| 4. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | 54.657,00<br>1.398.908,59<br>439.389,00 | 2.95 |
| 5. | **Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта "** | 1.580.030,09 | 2.46 |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | 80.299,25 | 0.13 |
| | **Вкупно** | 64.125.159,18 | 100 |
| | Планирани приходи за 2024 год.<br>307.579.015 : 4 квартала = 76.894.754 x 1 = | 76.894.754,00 | 0.83 |

## Структура на вкупните расходи по Сектори остварени во периодот од 01.01 до 31.03.2024

Табела 8

| Ред. број | Сектор | Износ | Учество % |
|---|---|---|---|
| 1. | **Сектор "Водовод и Канализација "** | **36.557.312,44** | **50.39** |
| 2. | **Сектор "Геотерма "** | **5.897.623,09** | **8.13** |
| 3. | **Сектор "Комунална Хигиена "** | **12.499.505,35** | **17.23** |
| 4. | **РЕ"Заеднички служби"**<br>**- Сектор "Менаџмент"**<br>**-Сектор "Финансиско и комерцијално работење"**<br>**- Сектор "Општи и правни работи"** | **1.080.266,50**<br>**6.900.236,41**<br>**4.743.521,39** | **17.54** |
| 5. | **Сектор " Градско зеленило и Православни гробишта "** | **4.080.772,68** | **5.62** |
| 6. | **Сектор "ИТ и развој "** | **792.541,95** | **1.11** |
| | **Вкупно** | **72.551.779,81** | **100** |
| | **Планирани расходи за 2024 год.**<br>**370.579.693 : 4 квартала =92.644.923 х 1 =** | **92.644.923,00** | **0.78** |

## Тековни побарувања со состојба на ден 31.03.2024 год.

Табела 9

| Ред. број | Основ | Износ 31.03.2023год. | Износ 31.03.2024год. | Коефициент 31.03.2024/ 31.03.2023 |
|---|---|---|---|---|
| **А.** | **Побарувања по основ на стоки и услуги од фирми,граѓани и дуќани** | **270.070.995,00** | **269.620.019,00** | **-0.01** |
| 1 | Побарувања од граѓани | 204.402.315,00 | 202.776.794,00 | -0.01 |
| 2 | Побарувања од дуќани | 6.458.128,00 | 5.928.750,00 | 0.08 |
| 3 | Побарувања од фирми | 59.210.552,00 | 60.914.475,00 | 0.03 |

Анализирајќи ги тековните побарувања се констатира дека вкупните побарувања споредени со истиот период од 2023 год. се намалени за 1% , од кои кај дуќаните се намалени за 8 %, кај домаќинствата се намалени за 1% и кај фирмите бележи зголемување за 3% .

## Тековни обврски со состојба на ден 31.03.2024год.

Табела 10

| Ред. број | Основ | Износ 31.03.2023 год. | Износ 31.03.2024год. | Коефициент 31.03.2024/ 31.03.2023 |
|---|---|---|---|---|
| | **Обврски по основ на стоки и услуги** | **67.596.258,00** | **118,355,277,00** | **0.75** |
| **2.** | **Обврски кои доспеваат за 1 година** | **23.879.846,00** | **34.277.950,00** | **0.44** |
| | **262002 - KFW банка** | 2.036.716,00 | 2.036.716,00 | |
| | **262003 - Фонд за води** | 1.843.130,00 | 2.396.069,00 | |
| | **262004 - ЕДС** | 20.000.000,00 | 29.845.165,00 | |
| **3.** | **Долгорочни обврски** | **51.828.027,00** | **30.919.390,00** | **-0.40** |
| | **282001 - Долгорочни обврски спрема добавувачи во земјата** | 16.660.165,00 | 0,00 | |
| | **284001 - Обврски за надомест за фонд за води** | 2.580.394,00 | 368,638,00 | |
| | **286001 - Долгорочни обврски врс основа на заеми,кредити-KFW банка** | 32.587.468,00 | 30.550.752,00 | |
| **ВКУПНИ ОБВРСКИ** | | **143.304.131,00** | **183.552.617,00** | **0.28** |

Комуналното Јавно Претпријатие за период до 31.03.2024 год. ги има измирено сите обврски по основ на бруто плати и јавни давачки. **Обврски по основ на стоки и услуги** споредени со истиот период од 2023 год. се зголемени за 28 % .

**Тековни залихи со состојба на ден 31.03.2024 год.**

**Табела 11**

| Ред. број | Основ | Износ 31.03.2023 год. | Износ 31.03.2024 год. | Коефициент 31.12.2024/ 31.12.2023 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Залихи на репроматеријали - 310** | 9.840.253,14 | 9.254.260,16 | -0.06 |
| 2 | **Залихи на ситен инвентар - 350** | 1.739.405,49 | 2.079.349,13 | 0.19 |
| 3 | **Залихи на трговски стоки - 660** | 335.728,00 | 636.813,52 | 0,89 |
| 4 | **Залихи на стоки во продавница – 663** | 208.216,00 | 208.216,00 | 0.00 |
| | **Вкупно** | **12.123.602,63** | **12.178.638,81** | **0.01** |

Залихите на репроматеријали и инвентар во извештајниот период споредени со истиот период од 2023 год. бележат незначително зголемување.

КЈП " Водовод " од деловното работење за период од 01.01.2024 до 31.03.2024 год. оствари финансиски резултат односно загуба од **8.426.620,63** денари.

**Изработил** **Директор**

______________________ ____________________